изработил:  Јелена Велјановска  ОУ Св. Климент Охридски-Охрид

Наставен лист 47

## Текстуални задачи од мерни единици














изработил:  Јелена Велјановска  ОУ Св. Климент Охридски-Охрид





**Задачи:**

1. Колку далеку ќе стигнете ако направите  милион чекори?
   Колку високо ќе бидат 1000 столови ако се наредат еден врз друг?
   Колку ученици треба да застанат еден врз друг на раменици за да го достигнат врвот од Бурџ Калифа? (Забелешка: Бурџ Калифа е во Дубаи и е највисоката зграда во светот со висина од 830 m)

*Кои информации ви се  потребни? Дали треба да правите некакви приближувања? Зошто?*

**2.** Истражувајте   за животни со најмала и најголема маса.  Пресметајте  колку пати едно животно е ‘потешко’ од  друго.

*Како ќе го решите тоа? Дали ќе направите некакви приближувања? Зошто?*

**3.** За еден просечен здив се потребни 0,5l воздух. Колку литри воздух дишете годишно? Колку танкери се потребни за да се собере оваа количина на воздух? (Забелешка: Танкер за гориво собира околу 11 000 литри.)

*Како ќе го решите ова? Дали ќе направите некакви приближувања? Зошто?*

**4.** Резервоарот за нафта на еден автомобил има зафатнина од  38 l. Колку лименки од *Coca Cola* се потребни за да се наполни резервоарот?